Друштво за производство, трговија и услуги
ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0301/898-20
17.06. 2020 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр. 05-326/2
08.06. 2020 год.
Општина Аеродром-Скопје

# Д О Г О В О Р

за јавна набавка на Електрична енергија

**Склучен на ден ______________2020 година, помеѓу:**

1. **ООУ „Ѓорѓија Пулевски"** Општина Аеродром – Скопје, со седиште на ул. "Јане Сандански" бр.27А, со ЕМБС 4098382, ЕДБ 4030983180303 застапувано од Директорот Марјан Јовановски, (во понатамошниот текст Договорен орган – Потрошувач) од една страна

и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. Народен Фронт бр. 27/2-3 Скопје, со ЕМБС: 6879845 и ЕДБ: 4080013537869, претставувано од Овластено лице: Наташа Дограмаџиева - Манева; ( во понатамошниот текст: **Носител на набавка - „СНАБДУВАЧ")** од друга страна

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на стоки – Активна Електрична Енергија која ќе се спроведе од страна на економскиот оператор – носител на набавката **ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје** за потребите на договорниот орган **ООУ „Ѓорѓија Пулевски"**, согласно техничката спецификација и усвоената понуда кои се составен дел на овој договор.

Договорот се склучува врз основа на избраната конечна понуда по електронска аукција арх. број 05-128/19 од 01.06.2020 година согласно дадената спецификација и Одлука за избор на најповолен понудувач број 05-128/22 од 01.06.2020 година донесена од Директорот на ООУ Димитар Македонски по спроведена поедноставена отворена постапка со објавен Оглас бр. 06591/2020 на Електронскиот систем за јавни набавки.

**ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Целта на овој Договор е набавка на Електрична енергија (активна електрична енергија, висока и ниска тарифа), согласно усвоената понуда дадена во прилог, за потребите на групата договорни органи.

**Член 3**

Мерењето на електричната енергија со која бил снабден потрошувачот ќе го врши Операторот на електродистрибутивниот систем преку мерни уреди кои ги вградува, одржува, контролира и менува согласно закон и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Отчитувањата на мерните уреди, Операторот на електродистрибутивниот систем ги доставува до договорниот орган.

Мерните уреди се дадени како Прилог на овој договор. Промена на мерните уреди ќе се прави само со промена на Прилогот и притоа нема да се менува Договорот.

Најавата на потрошувачката на електрична енергија кон операторот на пазарот во име на договорниот орган, без надомест, ја врши носителот на набавка.

Носителот на набавка ќе го зачлени договорниот орган во својата балансна група без надомест.

**Член 4**

Носителот на набавка гарантира квалитет на испорачаната електрична енергија и квалитет на услугите на снабдувањето. Ова подразбира квалитет на напон, континуитет во испораката и квалитет на услугите .

**ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Вкупната вредност на овој Договор изнесува **1.100.000,00** денари без вклучен ДДВ.
ДДВ изнесува **198.000,00 денари**.
Вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ изнесува **1.298.000,00 денари**.
Во вкупната цена на набавка е засметана вредноста на придружните услуги, сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.
Единечна цена на електрична енергија **во висока тарифа** со вклучени трошоци за набавка на електрична енергија, обезбедување на прекугранични капацитети, трошоци за балансирање и попусти и увозни царини, без ДДВ изнесува **3.675,75 денари/MWh** односно **3,67575 денари/KWh.**
Единечна цена на електрична енергија **во ниска тарифа** со вклучени трошоци за набавка на електрична енергија, обезбедување на прекуранични капацитети, трошоци за балансирање и попусти и увозни царини, без ДДВ изнесува **3.675,75 денари/MWh** односно **3,67575 денари/KWh.**
Цената ги вклучува сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака: набавка на електрична енергија, обезбедување на прекугранични капацитети, и трошоци за балансирање.
Трошоци за балансирање на потрошувачката на договорниот орган целосно ќе бидат покриени од страна на носителот на набавка и договорниот орган нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.
Местата на испорака на електричната енергија се дадени во Техничка спецификација.
Договорот не го обврзува договорниот орган да ја изврши целокупната набавка.
Мерните места наведени во спецификацијата во текот на важноста на договорот можат да се променат, а Носителот на набавката- снабдувачот на електрична енергија е должен да испорача електрична енергија до сите мерни места вклучуваќи и нови кои ќе бидат пријавени од страна на Договорниот орган.

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорните страни се согласни: Фактурирањето и плаќањето да се врши врз основа на реално испорачаните количини ЕЕ на месечна основа, по претходно издадена месечна фактура за потрошена ЕЕ која се доставува по електронски пат( скенирана) и во печатена форма најдоцна до 20-ти во месецот за претходниот месец. Потрошувачот е должен да ги плаќа месечните фактури во рок од **30 (триесет)** дена од денот на приемот на фактурата во Архивата на договорниот орган.
Носителот на набавка на договорниот орган ќе му издава сметка (фактура) за потрошената електрична енергија согласно отчитаната состојба на мерното/ите место/а преку кои договорниот орган се снабдува со електрична енергија за соодветниот пресметковен период, согласно Правилата за снабдување со електрична енергија.
Доколку договорниот орган од било која причина не добил фактура за пресметковниот период, истиот е должен да побара копија од истата и не е ослободен од обврската за плаќање.
Носителот на набавка е должен да го информира договорниот орган за промена на динамиката на потрошувачка на електрична енергија во услови на несакани хаварии и дефекти, планирани ремонти и планирани редукции во потрошувачката поради колективни годишни одмори и празници.

**Член 8**

Во сметките за потрошена електрична енергија ќе бидат содржани следните елементи:

- Потрошена електрична енергија
- Тарифата за организирање на пазарот на електрична енергија (ОПЕЕ)
- Надомест за обновлива енергија (ОЕ)
- Како и други давачки или надомести кои можат да бидат наметнати со закон, а за кои Снабдувачот ќе го информира Потрошувачот благовремено
- Пресметковен период ќе изнесува 1 (еден) месец.

**Член 9**

Тарифите за Организирање на пазарот на електрична енергија (ОПЕЕ) и надомест за обновлива енергија (ОЕ) ги утврдува Регулаторна Комисија за Енергетика на Република Северна Македонија, односно Операторот на електропреносниот систем и ќе се наплаќаат заедно со сметката

(фактурата) за потрошена електрична енергија и не се вклучени во цената дефинирана во член 6 од овој Договор.

**Член 10**

Договорниот орган писмено ќе го извести Носителот на набавка за промена на начинот на кој сака да му бидат доставувани сметките (фактурите), како и за секоја промена на адресата на која истите се доставуваат согласно овој Договор.

**Член 11**

Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот, рок се засметува законска казнена камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Носителот на набавката е должен да обезбеди банкарска гаранција за квалитетно и извршување на договорот во висина од **5%** од вредноста на договорот со вклучен ДДВ.
Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма и издадена од банка во валутата на која гласи договорот. Копии не се прифаќаат.
Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма, и се доставува во архивата на договорниот орган. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.
Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.
Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот носителот на набавката е должен да ја достави по склучување на договорот во рок од 15 денови.
Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во денари. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка.
Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе биде известен од страна на договорниот орган. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави на ЕСЈН негативна референца.
За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.
Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.
Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на Носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

Договорот се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на стапување во сила на Договорот утврден во член 34 од овој Договор.

## РОК, МЕСТО И ДИНАМИКА НА ИСПОРАКА

**Член 14**

Договорните страни се согласни испораката да се врши редовно до сите мерни места согласно Техничката Спецификација.

Поради специфичноста на предметот на набавката - потребата од набавка на електрична енергија за нормално извршување на работните обврски на Договорниот орган, набавката ќе се врши редовно и не ја одложува никаков спор.

**Член 15**

Договорот се склучува на одредено време за период од 12 (дванаесет) месеци. Периодот на испорака на електричната енергија од една година ќе започне **од 01.07.2020 година во 00:00 часот до 30.06.2021 година во 24:00 часот**.
За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување ќе се применува Законот за облигационите односи.

**РАСПОРЕД НА ОПТЕРЕТУВАЊЕ**

**Член 16**

Договорните страни се согласни дека Носителот на набавката - Снабдувачот ќе изготвува соодветни прогнози за потрошувачката на електрична енергија на Договорниот орган - Потрошувачот врз основа на историски конзум на електричната енергија и податоци за идни трендови на потрошувачка добиени од страна на Потрошувачот.
Договорните страни се согласни дека Носителот на набавката - Снабдувачот се задолжува од името на Потрошувачот да изготвува часовни распореди за оптоварување на Потрошувачот на дневно ниво врз основа на претходно изготвената и потврдена прогноза за потрошувачка на електрична енергија на Потрошувачот, и истата ќе ја вклучи во вкупниот физички распоред на оптоварување на Снабдувачот како Балансно одговорна страна (БОС) кои ги доставува до Операторот на пазарот на електрична енергија и до Операторот на електродистрибутивен систем.
За целите на балансирањето, Потрошувачот се задолжува навремено да го информира Снабдувачот за секоја планирана промена во своето енергетско однесување, вклучувајќи ги и сите оние фактори, кои му биле познати пред склучувањето и за времетрањето на овој Договор, а би можеле (со различен степен на веројатност) да доведат до промена на часовното оптоварување со отстапување од ± 25% и/или да доведат до промена на профилот на дневно оптеретување.
Известувањето се доставува не подоцна од 3 (три) дена пред да настанат промените во енергетското однесување на Потрошувачот и тоа во било која пишана форма на официјалните и прифатени контакт информации на Снабдувачот.

**РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ**

**Член 17**

Договорните страни се согласни дека Потрошувачот се обврзува да го известува Снабдувачот пред спроведување на сите планирани ремонти, дополнителни оптеретувања и другите планирани дејности врз својата опрема, со прецизирани периоди на спроведување на ремонтот и/или прогнози за измени во просечните часовни оптоварувања и тоа во најкус можен рок, но не подоцна од 14 дена пред отпочнување на планираните ремонти и/или други планирани дејствија кои дополнително ќе влијаат на потрошувачката на електрична енергија.
Договорните страни се согласни дека размената на информации ќе се води исклучиво помеѓу овластените лица на двете договорни страни.
Во случај на промени на овластените лица за комуникација од претходниот став, договорните страни со документ составен во писмена форма ќе именуваат нови овластени лица за комуникација.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 18**

Носителот на набавката - Снабдувачот се обврзува дека:
- ќе врши снабдување на Договорниот орган - Потрошувачот со договорената количина на електрична енергија до местата на испорака на електрична енергија кои ќе добијат ID-број за виртуелна мерна точка од операторот на соодветниот систем;
- да ги утврди потребите на Договорниот орган - Потрошувачот за електрична енергија за договорниот период врз основа на анализата на историската потрошувачка на електрична енергија на Договорниот орган - Потрошувачот, а која количина ќе биде предмет на овој Договор.

Договорните количини се од индикативна природа и не претставуваат репер за задолжително потрошена количина на електрична енергија во договорниот период од страна на Договорниот орган -Потрошувачот;
- ја превзема одговорноста за балансирање на потрошувачката на електричната енергија на местата на испорака наведени во Техничката спецификација која е составен дел од овој Договор;
- ја превзема обврската за предвидување и планирање на потрошувачка на електричната енергија на Договорниот орган -Потрошувачот, а во однос на неговите потребите за договорениот период;
- ја превзема обврската за порамнување на отчитаните и реално потрошени количини на електрична енергија за дадениот период на отчитување на местата на испорака на Потрошувачот, а кои се основа за изработка на месечна фактура;
- ќе изготвува месечна фактура на Договорниот орган за испорачаната и реално потрошена електрична енергија согласно договорените одредби за пресметка на цената по MWh, врз основа на податоците добиени од соодветниот оператор на систем;
- Во прилог на самата фактура Листата за потрошена ЕЕ за секое мерно место поединечно ќе биде изразена во kWh;
- Ќе му доставува месечна фактура на Купувачот за искористената ЕЕ согласно договорените одредби за пресметка на цената за kWh;
- Во месечната фактура Снабдувачот ќе ја вклучи, како издвоена позиција и количината и цената на обновливата енергија објавени од страна на ОПЕЕ, како и надоместот за организирање на пазарот на ЕЕ, кои согласно важечките законски прописи не се вклучени во цените утврдени во член 3 од овој Договор.
- Ќе му издаде на Потрошувачот банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на овој Договор, која ќе биде со валута на која гласи исиот овој Договор.
- Сите доверливи информации добиени за потребите на реализирањето на овој Договор ќе ги чува како деловна тајна;
- Своите обврски ќе ги врши стручно и совесно, а со цел да обезбеди квалитетна услуга за Потрошувачот
- Снабдувачот е должен да ги почитува важечките Закони, прописи и стандарди (Правила за снабдување со електрична енергија).

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

**Член 19**

Договорниот орган - Потрошувачот се обврзува дека:
- ќе купува електрична енергија исклучиво од Носителот на набавката -Снабдувачот за времетраењето на овој Договор;
- ќе ја плаќа Договорната цена за електрична енергија согласно отчитаните реални количини на електрична енергија за дадениот период според порамнувањето согласно Правилата за пазар со електрична енергија во местата на испорака, а под условите предвидени во овој Договор, независно дали таа енергија е потрошена за целите на Потрошувачот, или од трети лица, кои се поврзани на внатрешната мрежа на Потрошувачот после местата на испорака, се тоа согласно издадената фактура од страна на Носителот на набавката - Снабдувачот;
- ќе ја спроведе постапката за дефинирање на виртуелни мерни точки пред операторот на соодветниот системот за добивање на соодветен ID-број за сите мерни точки во кои ќе се врши испорака на електрична енергија ;
- ќе му ги доставува на Носителот на набавката - Снабдувачот сите потребни податоци од мерните апарати поврзани на внатрешната мрежа на Потрошувачот, а со цел Носителот на набавката - Снабдувачот да има можност да изготвува веродостојни анализи и предвидувања за потрошувачка на електрична енергија на Потрошувачот за договорениот период;
- во најкус можен рок во рамките на денот да го известува Носителот на набавката - Снабдувачот за било какви промени или проблеми во процесот на користење на електрична енергија , за работи од кои зависи услугата која ја обезбедува Носителот на набавката- Снабдувачот, а истите се од взаемен интерес за Договорните страни и
- сите доверливи информации добиени за потребите на реализирањето на овој договор ќе ги чува како деловна тајна.

- Договорниот орган го задржува правото да го извести Снабдувачот, дека планираните количини на електрична енергија може да бидат намалени во текот на реализација на овој Договор.

## ОБЕШТЕТУВАЊЕ

### Член 20

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.
Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или ќе задоцни со нејзино исполнување, другата договорна страна има право да бара надомест на штета што ја претрпел поради тоа.
Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да бидат познати.
Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неиполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.
Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка со разумна мера.
Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

### Член 21

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

### Член 22

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 23

Во случај на неможност за набавка на стоките - предмет на набавка од овој Договор од субјективни причини или доцнење на испорака на стоките од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

### Член 24

Договорната казна се определува во висина од 2‰ (промили) од вредноста на договорот за секој ден на задоцнување, но не повеќе од 5% (проценти од вредноста на договорот.
Во случајот од став 1 од овој член, носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на договорниот орган.

### Член 25

Договорниот орган не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

## УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 26**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 27**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок не подолг од 10 дена, за исполнување на обврската.

Ако договорната страна не ја исполни својата обврска во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 28**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши обврската ниту во дополнителниот рок.

## ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ

**Член 29**

Носителот на набавката - Снабдувачот се обврзува дека, согласно со добрите принципи на работење, ќе ја чува тајноста на техничките, финансиските и други работни податоци кои имаат карактер на деловна тајна на Договорниот орган , а до кои ќе дојде за време на испораката на електричната енергија.

Договорниот орган-Потрошувачот е должен да му ја обезбеди на Носителот на набавката - Снабдувачот целокупната документација и информации кои се неопходни Носителот на набвката-Снабдувачот успешно да постапува по обврските преземени со склучувањето на овој договор.

Носителот на набвката -Снабдувачот е свесен дека ќе има пристап до строго доверливи информации кои му припаѓаат на Договорниот орган - Потрошувачот. Во овој договор, "Доверливи Информации" значи секоја размена на информација, дали во пишана, усмена или електронска форма, од Договорниот орган-Потрошувачот дадена на Носителот на набвката -Снабдувачот, во врска со одредбите на овој Договор, податоците за работењето на Договорниот орган - Потрошувачот односно сите дозволи, одобренија, лиценци, опрема со кои располага, како и било кои работни документи креирани од Потрошувачот и Снабдувачот, а за потребите на исполнување на предметот на овој Договор.

Носителот на набавката - Снабдувачот ќе ја чува во строга тајност секоја и сите Доверливи Информации, нема да искористи, копира или менува или открие на трето лице спротивно на овој Договор и нема да ги користи за било каква друга цел освен за обезбедување на услугите прецизирани со одредбите на овој Договор.

Обврската на Носителот на набвката - Снабдувачот да ги чува како деловна тајна сите податоци поврзани со Потрошувачот, како и нивните деловни активности кои ќе му бидат на располагање за времето додека ги обезбедува наведените услуги ќе остане валидна за целото време на важење на овој договор, но и по неговото прекинување и нема да ги користи за своја корист, профит, нема да ги разоткрива на трето лице освен во случај кога податоците се даваат на овластено лице.

Исклучок од опфатот на доверливи информации се информациите кои:

- се откриени со претходна писмена согласност на другата договорна страна;
- се откриени со цел да биде исполнета законска одредба, наредба или друг нормативен акт, кој е во сила или во врска со судски постапки или регулативни постапки, под услов секоја од договорните страни доколку е можно да вложи разумни напори за да го спречи или ограничи откривањето на тие информаци. Во тој случај едната договорна страна и дава на другата страна навремено известување;
- се наоѓаат или законски припаѓаат во јавниот простор без прекршување на членот на доверливост на информации; и
- ќе бидат откриени пред комисии за контрола на цените или со цел пресметување на определен индекс, под услов при тоа да не се открие идентитетот на другата договорна страна.

Договорните страни се согласни дека секоја од нив е должна да го почитува барањето за доверливост на информациите до максимални 2 (две) години по истекување на рокот на важење на овој Договор.

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 30**

Носителот на набавката се обврзува дека при обработката на личните податоци ќе постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на Договорниот орган при што задолжително:

- Ќе го почитува начелото за заштита на личните податоци и ќе го чува како доверливи личнита податоци и мерките за нивна заштита;
- Личните податоци во постапката на склучување и реализација на овој Договор, Носителот на набавката ќе ги обработува единствено во согласност со задолжителните упатства дадени од Договорниот орган и техничките и организациони мерки пропишани од Договорниот орган, освен ако со закон не е поинаку определено;
- По истекот и/или реализацијата на предметот на овој Договор, односно по реализација на целта заради која биле собрани или обработени личните податоци кои се сопственост на Договорниот орган, Носителот на набавката ќе преземе мерки за враќање, бришење или нивно уништување во согласност со прописите за заштита на личните податоци и упатствата добиени од Договорниот орган;
- Носителот на набавката ќе определи лице овластено за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на овој Договор;
- Носителот на набавката ќе применува соодветни технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на ниво кое е во согласност со прописите за заштита на личните податоци,
- Носителот на набавката ќе применува соодветни технички и организациски мерки за личните податоци кои во име и за сметка на Договорнит орган ги обработува со цел да обезбеди заштита од случајно, намерно или незаконско уништување или губење на личните податоци или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, како и заштита при нивниот пренос и од какви било незаконски облици на обработка.

Овластените лица приложуваат своерачно потпишани Изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци. Изјавата е составен дел од овој договор.

## ВИША СИЛА

**Член 31**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна ако до неисполнување на овој договор дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна со наведување на пришините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветни докази.
По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднишки прифатено дополнување или истиот да се раскине.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 32**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 33**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје

**Член 34**

**Договорот влегува во сила на ден 01.07.2020 година во 00:00 часот и важи до 30.06.2021 година до 24:00 часот согласно пресметковниот период.**

**Член 35**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, согласно одредбите во член 119 од Законот за Јавни набавки (Сл.Весник на РСМ бр. 24/2019).

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 36**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 37**

Договорот е сочинет во 4 (четири) еднакви примероци, од кои два примероци за договорниот орган и два примероци за носителот на набавката.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| ООУ ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ – СКОПЈЕ | ЕНЕРЏИ АКТИВЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| **Директор** | **Овластено лице** |
| Марјан Јовановски | Наташа Дограмаџиева - Манева |

Составен дел на овој Договор е:

а) Прилог – копија од усвоена понуда по електронска аукција

б) Техничка спецификација